И8389

Утрински весник, Скопје, 2.10.2001, 68Г, 17.

Музејот на современата уметност

# Чекор што значи почеток

## Музејот ќе добие ексклузивен простор каде што ќе се изложи дел од богатата колекција

Музејот на современата уметност во најскоро време ќе адаптира галериски простор од 300 квадратни метри со што ќе може да изложи еден дел од богатата збирка на уметнички дела што ја поседува, а чијашто бројка изнесува 5.000 дела. Ова е само еден чекор во настојувањата на Музејот да ги реши инфраструктурните проблеми кои ја мачат оваа институција со години. Имено, од настанувањето на Музејот во 1970 година, со години ништо не е интервенирано и практично по 30 години сега за прв пат се пристапува кон изведување на извесни интервенции. Веќе е извршена санацијата на депоата каде се чуваат уметничките дела што ја сочинуваат најбогатата збирка во регионот. Во депоата е извршена хидроизолација на места каде има протекување, ѕидовите се варосани, а во тек е проверка на електричната инсталација и замена на светилките.

Изложбената галерија, која ќе биде адаптирана за трајна изложба на највредните дела од колекцијата, ќе биде направена по светски стандарди, со што ќе се исполни основната цел, а тоа е да се добие еден ексклузивен простор каде ќе бидат запазени светските критериуми за изложување. Санацијата на овој простор е поврзана со приоритетот, да се постави постојана поставка што пак од друга страна е поврзано со посетеноста на публиката, бидејќи основната цел на Музејот, покрај времените изложби, би требала да претставува и збирката на уметнички дела што потекнуваат од 60 земји. Така, во овој галериски простор ќе се најдат делата на познатите автори, кои сега се наоѓаат во депоата, а тоа се: Пикасо, Хартунг, Суаж, Виктор Вазарели, Ханс Хартунг, Сол Левит и други.

Инаку, решавањето на проблемите од инфраструктурна природа со кои се соочува Музејот, далеку ги надминува финансиските можности на Музејот, за што е потребна сума што претставува и крупен залак за Министерството за култура. И иако ова претставува можеби мал чекор, но затоа пак е многу значаен, што сепак нешто почнува да се работи. Бидејќи на Музејот му претстојат и други санации од кои најголемата е санација на покривот за што Музејот изготви и проект. Тука спаѓа и уредување на останатиот галериски простор кој од вкупната површина на Музејот, 5.500 квадратни метри зафаќа 3.300 квадрати. Овој изложбен простор е делумно оштетен поради прилив на влага, а понатака претстои и електронско обезбедување со камери и сензори. Протекувањето на покривот придонесува за ширење на влагата по ѕидовите, што во допир со дотраените инсталации претставува опасност од опожарување на објектот. Тука треба да се споменат и возните и пешачките патеки, скалите, коишто не се во добра состојба како и хортикултурното уредување. И уште да го спомeнеме и проблемот на затоплувањe во зимскиот период на зградата на Музејот. Имено, системот на загревање и ладење на институцијата на функционира подолго време. (Г.М.Б.)